Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 34 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за свикување на 10-та седница на Советот на Општина Новаци**
со предлог на следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Разгледување и усвојување на Записникот од 8-та седница на Совет на Општина Новаци;

2.Разгледување и усвојање на Финансиски извештај за искористени средства од Буџет на Општина Новаци од Здружение „Младинска граѓанска акција“ Новаци;

3. Разгледување и усвојање на Извештај-Преглед за реализација на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2025 година;

4.Разгледување и донесување на Програма за одржување, санација и реконструкција на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2026 година;

5.Разгледување и усвојување на Измена и дополнување на Годишна програма за превоз на ученици и финансиска анализа на општински и меѓуопштински превоз на територијата на Општина Битола, Општина Новаци и Општина Могила за 2026 година;

6. Разгледување и усвојање на Завршна сметка на ЈПКД “Комунална Хигиена” – Новаци за 2025 година;

7. Разгледување и усвојање на Годишен извештај за работењето на ЈПКД “Комунална Хигиена” –Новаци за 2025 година;

8.Разгледување и усвојање на Годишен извештај за извршените работи за одржување на локалните водоводи на територијата на Општина Новаци за 2025 година;

9. Разгледување и усвојање на Годишен извештај за извршените работи за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Новаци за 2025 година;

10. Разгледување и усвојање на Завршна сметка на ЈОУДГ “БАМБИ” Новаци за 2025 година;

11. Разгледување на Барање за одобрување на финансиски средства од ЗФК “Пелагонија” с.Добромири за натпреварување во општинската фудбалска лига за сезона есен-пролет за период 2026/2027 година;

12. Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на член во Надзорен одбор на ЈОУДГ „Бамби“ – Новаци;

13.Разгледување на Барање за спонзорство и донација од ООУ “Славко Лумбарковски” од с.Новаци;

14.Разгледување на Барање од МЗ с.Живојно за реновирање на црква Св.Петка;

15.Разгледување на Барање од Марина Наумовска од с.Новаци за решавање на проблемот со канализационите цевки во нејзиниот двор;

16.Разгледување на Барање од Црковен одбор при црква Св.Талалеј с.Билјаник за одобрување на градежни материјали;

17. Разгледување на Барања за еднократна парична помош;

18. Советнички прашања.

Седницата ќе се одржи на **09.04.2026 год. /Четврток/** со почеток во **12:00 часот**, во просториите на Општина Новаци.

Општина Новаци
Претседател на Совет
Илче Трајковски